МАКСТИЛ АД Скопје

# Годишен извештај на Службата за внатрешна ревизија

За период: 01.01.2021 – 31.12.2021

# Содржина

Вовед ....3
Цел на годишниот извештај....3
Преглед на деловните процеси ....3
Краток опис на извршените ревизии ....4
Активности во тек ....6
Развој на вработени ....6

1. **Вовед**

Службата за внатрешна ревизија на Макстил АД Скопје функционира како независен организационен дел на друштвото, формиран со одлука за измена и дополнување на систематизацијата на работни места бр. 02-34 од 25.11.2010 година.

Службата за внатрешна ревизија врши континуирана проценка на усогласеноста на интерните деловни процеси со законските регулативи и ја оценува соодветноста на системот на внатрешни контроли и поделба на должности со цел да се овозможи намалување на идентификуваните ризици.

Главна цел на Внатрешната ревизија е да обезбеди независно и објективно мислење на Одборот на директори по однос на соодветноста и ефикасноста на функционирањето на системот на управување со ризици и процесите на внатрешни контроли. Преку анализа и проценка на ризиците изразени со рангирање на веројатноста и влијанието врз поединечните деловни активности на организационите единици во друштвото, како и во консултација со Одборот на Директори, внатрешната ревизија ги одредува активностите и процесите кои ќе бидат предмет на ревизија, како и фреквентноста на нивното ревидирање.

Службата за внатрешна ревизија на друштвото изготвува извештаи од извршените ревизии и ги доставува до одговорните лица. За своето работење изготвува полугодишен и годишен извештај. Врз основа на Член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (Сл.Весник на РМ бр. 48/2010) и членовите 415-а, 415-б, 415-в и 415-г, Службата за внатрешна ревизија поднесува **годишен извештај** за период 01.01-31.12.2021 година.

2. **Цел на годишниот извештај**

Целта на овој годишен извештај е да ги резимира и хронолошки да ги презентира активностите извршени од страна на Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021, обезбедувајќи навремени информации за придобивките од функционирањето на Службата.

Во текот на реализирањето на своите активности, Службата за внатрешна ревизија првенствено се води од целта да обезбеди независна и објективна проценка на адекватноста и ефикасноста на системот на интерни контроли, како и на адекватноста на воспоставените процедури и нивната усогласеност со легислативата.

3. **Преглед на деловните процеси**

Со одлука на Одборот на директори на Макстил АД Скопје, Службата за внатрешна ревизија започна со систематко прегледување на избрани деловни процеси во Јуни 2019. Пристапот на ревизија на процесите продолжи и во текот на 2020 и 2021 година.

**Резултати од Прегледот на деловните процеси**

Резултатите од прегледот на деловните процеси го вклучуваат следново:

- Мапи на процеси AS-IS (актуелниот начин на извршување на работните активности во одреден процес, како и идентификуваните наоди),
- Мапи на процеси TO-BE (предложениот тек на работниот процес со соодветните контроли и поделбата на должностите т.е утврдени потреби за подобрување на контролите и поделбата на должностите идентификувани во AS-IS процесите. Дополнително, се идентификуваат и можностите за подобрување на процесите),
- Извештај од ревизијата: со документирани наоди, препораки и размислувања за имплементација на предложените подобрувања на процесите.
- Презентација на комплетираниот преглед на процесите (со наодите и препораките) на Одборот на директори.

**Статус и следни чекори**

Во текот на изминатата година, спроведени беа следните ревизии:

| Бр. | НАЗИВ НА РЕВИЗИЈАТА | Датум на презентација на Одбор на директори |
|---|---|---|
| 1. | "Процес –работен циклус" | 09.09.2021 |
| 2. | Набавка на алуминиум | - |
| 3. | Набавка на природен гас и електрична енергија, follow-up ревизија | - |
| 4. | Управување со основните средства (во тек) | - |

## 4. Краток опис на извршените ревизии

### *4.1. "Процес – работен циклус"*

Целта на оваа ревизија беше да се оцени адекватноста и ефективноста на процесите кои се однесуваат на менаџирањето на човечките ресурси и да се даде

разумно уверување за нивната соодветност, вклучувајќи ги и поделбата на должностите и постојните процесни контроли.

Ревизијата го опфати следното:

- Планирање на потребата од човечки ресурси, како и ревизија на организациската структура и на систематизацијата на работни места;
- Привлекување нов кадар и пополнување на слободните работни места;
- Менаџирање на вработените – поддршка на новите вработени, запознавање со бизнис-концептот на компанијата, обука и развој, мерење на остварувањата;
- Прераспределба на вработените (во случаите кога настанала потреба);
- Процес на плата, постоечки контроли и доделени системски пристапи;
- Награди и бенефиции;
- Отсуство од работа;
- Иницирани дисциплински постапки;
- Прекин на работниот однос;

Извештајот беше дискутиран со одговорните во процесот и презентиран пред Одборот на директори.

Моментален статус: Задолжениот тим пристапува кон подготовка на акционен план за имплементација на усвоените препораки.

### *4.2. Набавка на алуминиум*

Како резултат на меѓусебната соработка помеѓу Службата за внатрешна ревизија на Макстил АД Скопје и на Групациската внатрешна ревизија на DITH, беше направен преглед на набавката на алуминиум.

Целта беше да се да се направи увид во начинот на спроведување на оваа активност во текот на изминатиот временски период и да се даде разумно уверување дека истото е согласно интерните одредби на компанијата.

### *4.3. Набавка на природен гас и електрична енергија, follow-up*

Во втората половина на 2019-та година беше спроведена ревизија на процесите на набавка на природен гас и електрична енергија. При тоа, од страна на Службата за внатрешна ревизија беа дадени препораки за надминување на утврдените слабости.

Во текот на 2021, беше спроведена ревизија на следење на спроведувањето на препораките.

Целта беше да се утврди адекватноста на спроведените препораки и да се даде разумно уверување дека спроведувањето на овие процеси е во согласност со интерната регулатива.

По спроведувањето на follow-up ревизијата, сите наоди од претходната ревизија беа затворени.

### *4.4. Управување со основните средства*

Кон крајот на 2021 година, беше започната и во тек е ревизија во областа на управувањето со основните средства.

Целта на оваа ревизија е да се оцени адекватноста и ефективноста на процесите поврзани со основните средства вклучувајќи:

- Планирање на потребата од нови основни средства,
- Набавка на основни средства,
- Активирање и амортизација,
- Движење на основните средства,
- Отпис на основните средства.

**Активности во тек**

Ревизијата “Управување со основните средства” во моментот има статус "активност во тек".

**Развој на вработени**

Вработувања / отпуштања

Во текот на последната година немаше ниту вработувања ниту отпуштања во и од Службата за внатрешна ревизија.

Служба за внатрешна ревизија